**ПРОФ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ПРОРЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИИ, РАЗВОЈ И ОДРЖУВАЊЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Д-р Дарко Лазаров е вонреден професор на Економски факултет при Универзитетот “Гоце Делчев” - Штип од област економска теорија и во моментот ја извршува функцијата проректор за инвестиции, развој и одржување на Универзитетот “Гоце Делчев” – Штип. Тој е роден 1984 година во Штип. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, а магистерски студии завршил на Економскиот Институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторската дисертација во областа на економскиот раст ја одбранил под менторство на Академик Гоце Петрески на Економски факултет во Скопје. Во 2014 година е избран за доцент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде е вработен од 2007 година, најпрво како помлад асистент, а потоа како асистент на групата предмети: основи на економија, микроекономија, макроекономија и бизнис економија. Во текот на својата научна кариера има реализирано повеќе студиски и истражувачки престои на реномирани Европски Универзитети како што се: Универзитетот во Болоња – Италија, Високата Школа за економија во Москва - Русија, Универзитетот во Луксенбург, Копенхаген школата за бизнис во Копенхаген - Данска и други универзитети. Бил визитинг професор по предметот Микроекономија на Универзитетот Јауме I во Шпанија.

Д-р Дарко Лазаров е автор на повеќе меѓународни научни публикации, учебни помагала, научни и стручни статии, колумни и монографии, а има објавено научни трудови во повеќе меѓународни списанија како што се: Croatia Economic Survey, International Journal of Business and Globalization, International Journal of Trade and Global Markets, South – East European Journal of Business and Economics, Industry Journal, Journal of Economic Studies и други списанија. Има учествувано на повеќе меѓународни конференции и семинари во Германија, Полска, Словенија, Хрватска, Србија, Белгија, Италија, Бугарија, ОАЕ, Швајцарија, Црна Гора и други земји.

Бил раководител или член на неколку домашни и меѓународни научни и стручно-апликативни проекти, меѓу кои проекти во Македонската Академија на Науки и Уметности (МАНУ), Стопанска Комора на Северна Македонија, проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и други меѓународни институции. Истовремено, тој бил експерт и проектен координатор на повеќе инвестициски проекти во рамки на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР). Тој бил главен експерт во изработка на Националната стратегија за промоција на извозот 2024-2027 и главен експерт во изработка на квалитативната анализа како стратешки документ во рамки на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија. Истовремено, бил член на тимот на МАНУ во изработка на Националната стратегија за одржливо искористување на минаралните ресурси во Република Северна Македонија 2025-2045.

Добитник е на годишната награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата, банки и банкарски системи во 2017 година, што ја доделува Народна Банка на Република Северна Македонија (НБРСМ), и во моментот е главен уредник на меѓународното списание “Journal of Economics”, што го објавува Економски факултет при УГД – Штип.